# ДЕМИСТИФИКАЦИЈА НА ЛИСТАТА НА ДОЛЖНИЦИ ОД ДВА АСПЕКТИ: ЈАСНОСТ И ВЛИЈАНИЕ ЗА ПОГОЛЕМА ДАНОЧНА ДИСЦИПЛИНА

*Управата за јавни приходи (УЈП) веќе десет години секој месец ја објавува Листата на должници – документ кој редовно привлекува внимание на медиумите. Листата на должници не треба да биде само збирка на имиња и бројки, туку претставува презентација на даночната дисциплина и општествената одговорност на фирмите и поединците во земјата. Секој кој е присутен на таа листа го привлекува вниманието, а вниманието е насочено и кон одговорноста на УЈП да ги наплати праведно и ефикасно овие долгови. Дали Листата на должници, како неопходен инструмент за транспарентност, целосно и објективно ја разоткрива капацитетноста за враќање на овие средства како даночни приходи во Буџетот?*

## ШТО СЕ КРИЕ ЗАД БРОЈКИТЕ?

Најновата Листа на должници бр. 01/2025, која се однесува на долговите доспеани до 30.09.2024 и неплатени до 31.12.2024, вклучува вкупно 1.958 правни лица и 3.914 физички лица, кои заедно должат над 11,3 милијарди денари даноци и придонеси. Овој износ изгледа застрашувачки и покажува дека даночната дисциплина во земјата не е на завидно ниво. Но, кои се долговите што ја сочинуваат оваа Листа?




Во прв план, листата содржи нови должници кои првпат се објавени во текот на 2024 година, а дел и на оваа Листа бр. 01/2025. Нивниот вкупен долг изнесува 2,5 милијарди денари, или околу 1/5 од вкупниот долг за даноци и придонеси. Ова покажува дека дел од фирмите и поединците кои се појавуваат на листата во суштина се нови „играчи“ во светот на даночните неплаќачи.




## КОИ СЕ НОВИТЕ НЕПЛАЌАЧИ КОИ УЈП ЕФИКАСНО ТРЕБА ДА ГИ ТАРГЕТИРА И ДА ПРИОРИТИЗИРА СВОИТЕ АКТИВНОСТИ КОН НИВ?




Од новообјавените должници, 73 се појавуваат првпат на Листата бр. 01/2025, со вкупен долг од 67,5 милиони денари. Исто така, 795 должници се првпат објавени во текот на 2024 година, а на Листата бр. 01/2025 се објавени со вкупен долг од 2,45 милијарди денари. Она што е особено важно е дека за многу од овие должници долговите не останале статични – од првата објава во 2024 година до објавата во јануари 2025 година,

кај некои долговите се зголемиле, кај некои се намалиле, но, како вкупен износ, нивниот долг пораснал за речиси 681 милиони денари за период од максимум 12 месеци. Половина од новите должници имаат долгови помали од 10 милиони денари. Сепак, многу голем дел од вкупниот износ на новите долгови (33%), отпаѓа на само три должници со суми меѓу 200 и 300 милиони денари.




Имајќи предвид дека многу поголем број должници се оние со долгови кои се таложат од претходните години, ПРАШАЊЕ Е КОЈ НЕ ПЛАЌА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ?

Впечатливо е тоа што огромен дел од должниците што се повторуваат не покажуваат никаква активност за исполнување на даночни обврски, што дополнително го комплицира процесот на наплата на нивните долгови. Од 1.958 правни лица, 1.432 или 70%, во 2024 година немаат ниту една активност за исполнување на даночни обврски – немаат поднесено даночен биланс за 2023 година, немаат ДДВ пријави, немаат вработени или исплатени плати. Практично, овие фирми постојат само „на хартија“. Тука прво прашање е како УЈП може да ги наплати долговите од овие должници кои практично се „мртви“. Второ прашање е дали УЈП пропуштила навреме да ги наплати овие долгови. Трето прашање е дали овие фирми свесно се довеле во некаква „кома“ за да го избегнат плаќањето на својот долг кон државата.

- *Топ 100 должници – вистинските „големи неплаќачи“*

Во рамките на листата, посебно внимание заслужуваат најголемите 100 должници – 96 правни лица и четири физички лица, кои заедно должат над седум милијарди денари, или 62% од вкупниот долг за даноци и придонеси. Интересно е тоа што на оваа топ-листа нема должници кои ги администрира Дирекцијата за големи даночни обврзници, а според регионалната распределба една половина (51) од должниците се од Скопје.
Повторно, хроничниот проблем – неактивноста постои кај дури 62 од овие должници кои не поднеле даночен биланс за 2023 година, ДДВ пријави, немаат вработени или не исплаќаат плати.




## ДАЛИ УЈП РАСПОЛАГА СО ЕФИКАСЕН АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ ЗА НАПЛАТА НА ДАНОЧНИТЕ ДОЛГОВИ?

УЈП има на располагање низа законски мерки за присилна наплата – од блокада на трансакциски сметки и наплата од побарувањата на должникот, до залог, заплени и јавни продажби на имот и наплата од други даночни должници – даночни гаранти и солидарни должници. Воспоставениот Даночен календар за интерните процеси на УЈП претставува цврста рамка за планирање и следење на процесите за наплата на долгови во сите регионални дирекции на УЈП со цел  да обезбеди координираност и постапување според утврдени рокови, избегнувајќи непостапување или несоодветно работење во некои региони. Основниот принцип на постапување на УЈП е „брзо детектирање и рано интервенирање“. Со ова, УЈП започнува превентивни мерки кон должниците уште пред доспевањето на обврската, со цел да се постигне максимална наплата без потреба од принудни мерки. Ова е особено важно за оние даночни обврзници со историјат на задоцнето плаќање. Веднаш по доспевањето на даночната обврска, УЈП ги презема законските мерки за присилна наплата. Почетната фаза вклучува масовни мерки, односно

блокирање на сметките на сите должници. Потоа, пристапот се прилагодува индивидуално за секој должник, врз основа на големината на долгот, имотната состојба, приходите и побарувањата. Ова осигурува дека УЈП ги користи своите ресурси рационално и ефективно, фокусирајќи се на мерките што се најсоодветни за секој должник, наместо да се применуваат истите мерки за сите случаи што е неекономично и практично невозможно. Со цел да ја информира јавноста транспарентно, УЈП започнува со објавување на преземените мерки за наплата на долгови кон новообјавените должници на Листата на должници. Овие активности покажуваат дека УЈП внимателно ги следи должниците, постапува соодветно и е фокусирана на ефикасна наплата на даночните обврски, со што се спречува натамошно зголемување на даночните долгови.

## КОИ СЕ ПРЕДИЗВИЦИ ПРЕД УЈП ЗА ДА МОЖЕ ДА ЈА ЗАЈАКНЕ ЕФЕКТИВНАТА НАПЛАТА НА ДОЛГОВИ И ДА ГО НАМАЛИ ТАЛОЖЕЊЕТО НА ЗАОСТАНАТИ ДОЛГОВИ?

Има доста простор за зајакнување на капацитетот на УЈП за наплата на заостанати даночни долгови, за што новиот Стратешки план на УЈП 2025 – 2027 содржи иницијативи и проекти, како што се:

- *дигитализација и автоматизација на процесите, вклучително и воведување систем за електронско следење и управување со предмети, за да се спречат пропусти и субјективизам*
- *воведување ново даночно сметководство, за да се обезбедат ажурни и реални состојби за долговите*
- *воведување на Центар за даночно извршување, за да се зајакне специјализацијата и стручниот капацитет*
- *законски измени за зајакнување на законските овластувања на УЈП.*

Голем предизвик пред УЈП е да спроведе процес во кој ќе ги разграничи наплативите долгови од ненаплативите долгови и оние за кои настапила застареност за наплата. На прашањето зошто дошло до вакви состојби, важно е да се истакне и дека процесот на присилна наплата вклучува правни и процесни пречки кои често го отежнуваат и одложуваат нивното спроведување. Примери за тоа се: нерешените правни статуси на објекти, имоти во сосопственост, хипотекарни права на други доверители, случаи кога заложените движни предмети не може да се најдат и запленат, должници-нерезиденти за кои треба да постапува и странска даночна администрација и сл. Овие пречки го усложнуваат процесот и го намалуваат реалниот капацитет за наплата на овие долгови, а со текот на времето долговите стануваат предмет на законско ограничување за наплата (застареност). Реалниот капацитет за наплата на заостанатите долгови е намален и во

случаи кога даночната задолженост е последица на деловни потешкотии кај даночниот обврзник кои водат до ненаплатливост на долгот.
Исто така, присилната наплата е чувствителна зона на интеракција помеѓу УЈП и должниците. Често, должниците не покажуваат подготвеност за соработка, а во голем број случаи обидите за избегнување на обврските започнуваат уште пред УЈП да има пристап до информациите за непријавени или неплатени даноци. Овие активности може да вклучуваат пренесување на имот или деловни активности на други лица, поставување на основачи-нерезиденти и слични дејства.
Важно е да се истакне дека мерките кои ги презема УЈП не се казнени, туку претставуваат законски механизми со цел наплата на даноците кои се законска обврска. Овие мерки се спроведуваат за да се обезбеди праведност и редовно функционирање на даночниот систем, за да се спречи неправедно избегнување на плаќањето на даноците и да се заштитат чесните даночни обврзници.

## Заклучок

*Транспарентноста на Листата на должници треба да добие поголем квалитет. Јавното објавување на месечно ниво повеќе изгледа како административен процес, отколку што овозможува јасно разграничување на долговите кои се наплатливи од оние кои се веќе „изгубени“ за државниот буџет, а кај вторите, јасно треба да се посочат и причините. Листата треба да овозможи јавноста во актуелен момент да знае кои должници мора да бидат вистински таргет на УЈП за впаричување на нивните долгови и надоместување на буџетските загуби. Со ова, листата може да стане вистински ефективен инструмент за јавен притисок врз неплаќачите на данок.*

